# Периферно поставен централен венски катетер - PICC

**PICC** (**p**eripherally **i**nserted **c**entral **c**atheter) претставува тенко, свитливо цефче (катетер) кое се пласира преку периферна вена на раката и води сѐ до централна вена во градниот кош. PICC служи како краткотраен централен венски пристап за аплицирање лекови и течности.




Пример за PICC

**Која е придобивката од оваа процедура?**
Поставувањето PICC е релативно кратка и едноставна процедура со многу малку потенцијални компликации. Главниот бенефит од овој катетер е тоа што ќе ги избегнете постојаните боцкања на вените на рацете, било за интравенски инјекции или поставување канила. Овој катетер овозможува централен венски пристап за аплицирање лекови, течности, земање крв и може да се користи 2-3 месеци.

**Како да се подготвите за оваа процедура?**
Потребно е да сте гладни пред оваа процедура (тоа значи да не сте јаделе во последните 6-8 часа). Известете го лекарот доколку земате каква било редовна терапија, бидејќи некои лекови треба да се прекинат претходно, особено лекови што влијаат на коагулацијата на крвта.

**Опис на процедурата**
Оваа интервенција се изведува во одделот за интервентна радиологија. Вообичаено, процедурата се изведува со локална анестезија. Локалниот анестетик се користи за привремено да се намали осетливоста на кожата и да не чувствувате болка, но понекогаш може да се додадат лекови за блага седација. Генерално, самата процедурата трае околу 30 минути.

Катетерот се поставува во пределот на лактот или надлактицата од левата/десната рака, каде се прави стерилна подготовка на кожата. Со помош на ултразвук се верифицира најпогодна вена за пункција. Најпрво се аплицира локален анестетик на одреденото место и се пунктира вената.

Потоа мала жица се пласира до поголема вена во градниот кош, преку која се поставува катетерот до посакуваната позиција под краткотрајно водство на рендгенски зраци (флуороскопија), а потоа жицата се отстранува. Откако ќе се потврди соодветната позиција и функционалноста на катетерот, истиот се прицврстува за кожата на раката со специјална провирна лепенка.

**Кои се ризиците?**
Компликациите кај PICC катетрите се ретки. Постои можност вената низ која е пласиран катетерот да се иритира,и притоа да настане инфламација. Ризикот за ова е поголем доколку катетерот остане долго (повеќе од 2 до 3 месеци).

Тромбозирање или затнување на катетерот е најчеста компликација, која може да се превенира со соодветна употреба на катетерот односно со редовно пропирање и тоалета.




**Поставен PICC катетер**

**Што да очекувате после процедурата? Каков е планот за следење?**
Станува збор за амбулантска процедура, тоа значи дека набрзо по завршување на процедурата можете да ја напуштите болницата.

Доколку сте примиле блага седација, можете да јадете по 1 до 2 часа. На раката на местото на поставување на катетерот може да чувствувате нелагодност, или да имате мала модринка, но сето тоа е очекувано и привремено.

Ќе добиете детални инструкции од медицинскиот персонал за тоа што треба да правите и како да одржувате правилна тоалета на местото каде е поставен катетерот. Потребно е да внимавате и да не ја оптоварувате раката каде е поставен катетерот. Кога ординирачкиот лекар ќе смета дека катетерот веќе не е потребен, истиот се отстранува.

**www.cirse.org/patients**
*This document contains general medical information. The information is not intended or implied to be a substitute for professional medical advice, diagnosis or treatment.*